ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

работна група за предлог закон за
изменување и дополнување на
Законот за Царинската тарифа

Предмет: Предлог за промена на одредба во однос на предлог закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа

Почитувани,

Во врска со започнатиот процес за подготовка на предлог закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа, Макпетрол АД како еден од најголемите субјекти во трговијата со нафта и нафтени деривати има забелешка на Законот за Царинската тарифа дадена во продолжение:

- **Предлог,** ***во Глава 27 за тарифна ознака 2711 21 00 00 царинската давачка од 2% да се намали на 0%***

Предлагаме измена во **Глава 27 (минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација; битуменозни материи; минерални восоци)** од Законот за Цариската тарифа (Службен весник бр. 23 од 01.04.2003 година), каде што во табелата за **тарифната ознака 2711 21 00 00** со назив **Природен гас** во колоната царинска давачка истата да биде намалена од 2% на 0%, односно при увоз на Природен гас со тарифната ознака 2711 21 00 00 да не се плаќа царина.

Образложение:

Сметаме дека природниот гас како енергенс кој е еколошки чист и има широка примена во земјите од ЕУ се повеќе треба да има примена и во Р.Македонија. За таа цел, со намалување на царинската давачка од 2% на 0% директно преку пониската цена ќе се стимулира зголемена потрошувачка, зголемен обем на трговија и директно стимулирање на потрошувачите да се ориентираат кон користење на овој енергенс кој е еколошки оправдан, продуцира мала емисија на штетни гасови, придонесува во одржување, грижа и заштита на животната средина, за разлика од останататите горива кои во моментов се користат.

Скопје 29.05.2018 год.

МАКПЕТРОЛ А.Д. - СКОПЈЕ